20090941814

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 85 ставови (2) и (4) од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПРОВЕРКА И ПРЕГЛЕД НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН НА ПРАТКИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО КОИ СЕ ВНЕСЕНИ КАКО ЛИЧЕН БАГАЖ НА ПАТНИЦИТЕ И СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА ИЛИ НЕКОМЕРЦИЈАЛНИ ЦЕЛИ

### Член 1
### Предмет на уредување

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на проверка и преглед на граничен премин на пратки од животинско потекло кои се внесени како личен багаж на патниците и се наменети за лична употреба или некомерцијални цели на потрошувачот.

### Член 2
### Примена

Одредбите од овој правилник се однесуваат и на мали пратки од животинско потекло кои се испратени на приватни лица или се нарачани (пример преку електронска пошта, телефон или интернет) за испорака до потрошувачот.

### Член 3
### Паралелна примена

(1) Одредбите од овој правилник не ги исклучуваат соодветните прописи од областа на ветеринарното здравство за контрола и ерадикација на болести кај животните или примена на заштитни мерки.
(2) Одредбите од овој правилник не ги исклучуваат соодветните прописи за заштита на видовите дива фауна и флора и трговијата со нив.

### Член 4
### Исклучок од примена

(1) Одредбите од овој правилник не се однесуваат на пратки од животинско потекло кои се внесени како личен багаж кои потекнуваат од Андора, Лихтенштајн, Норвешка, Сан Марино и Швајцарија.
(2) Одредбите од овој правилник не се однесуваат на пратки со производи од риба кои се внесени како личен багаж кои потекнуваат од Фарски острови и Исланд.

### Член 5
### Дефиниции

Надлежен орган во смисла на овој правилник е Министерство за финансии-Царинска управа.

### Член 6
### Проверка и преглед на производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе и домашни миленици

(1) Производите од животинско потекло кои:
   а) го сочинуваат личниот багаж на патникот, наменети се за лична употреба и доаѓаат од земја или дел од земја која е на листата на земји дозволени за увоз во Република Македонија; или

б) се испратени како мали пратки до физички лица, не се увезени во трговски цели и доаѓаат од земја или дел од земја која е на листата на земји дозволени за увоз во Република Македонија; или

в) претходно биле термички третирани во херметички затворени контејнери со $F_0$ вредност од 3,00 или повеќе и го сочинуваат личниот багаж на патникот и се наменети за лична употреба или се испратени како мали пратки до физички лица и не се увезени во трговски цели;

г) се производи наменети за снабдување на екипажот и патниците во меѓународните средства за транспорт; или

д) се производи кои се нарачани (пример преку електронска пошта, телефон или интернет) за испорака до потрошувачот;

не подлежат на проверка и преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин на ветеринарно инспекциско место на граничен премин, доколку:

1) се производи наведени во Прилог 1, Дел 1 кој е составен дел на овој правилник и не се производи наведени во Листата на производи и нуспроизводи од животинско потекло кои не подлежат на инспекција при увоз од страна на официјален ветеринар на граничен премин и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 0 кг; или
2) се производи наведени во Прилог 2, Дел 1 од овој правилник и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 2 кг; или
3) се евисцерирана свежа риба или се подготвени или преработени производи од риба и нивното комбинирано количество или тежина на една риба не надминува тежина поголема од 20 кг, во зависност која тежина е поголема; или
4) се други производи, освен оние наведени во потточки 1) до 3) од оваа точка или оние наведени во Листата на производи и нуспроизводи од животинско потекло кои не подлежат на инспекција при увоз од страна на официјален ветеринар на граничен премин и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 2 кг.

(2) Пратките од животинско потекло кои се внесуваат како лични пратки и се наменети за исхрана на домашни миленици, не подлежат на проверка и преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин на ветеринарно инспекциско место на граничен премин, доколку:
1) се производи наведени во Прилог 1, Дел 2 од овој правилник и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 0 кг; или
2) се производи наведени во Прилог 2, Дел 2 од овој правилник и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 2 кг.

(3) По исклучок од потточките 1), 2) и 4) од став (1) и став (2) од овој член, пратките од животинско потекло кои се внесуваат како лични пратки и потекнуваат од Хрватска, Фарски острови, Гренланд или Исланд, не подлежат на проверка и преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин на ветеринарно инспекциско место на граничен премин, доколку:
1) се производи наведени во Прилог 1 од овој правилник и не се производи наведени во Листата на производи и нуспроизводи од животинско потекло кои не подлежат на инспекција при увоз од страна на официјален ветеринар на граничен премин и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 10 кг;
2) се производи наведени во Прилог 2 од овој правилник и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 10 кг;
3) се други производи, освен оние наведени во потточка 3) од став (1) и потточки 1) и 2) од став (3) од овој член или освен оние наведени во Листата на производи и нуспроизводи од животинско потекло кои не подлежат на инспекција при увоз од страна на официјален ветеринар на граничен премин и нивното комбинирано количество не надминува тежина поголема од 10 кг.

**Член 7**
**Информирање на патници и поширока јавност**

(1) Патниците кои пристигнуваат на граничните премини на влез во Република Македонија, соодветно се известуваат за начинот на внес на производи од животинско потекло кои се внесуваат како лични пратки.

(2) Известувањето од став (1) од овој член треба да ја содржи најмалку информацијата од еден од постерите наведени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник и да е поставено на јасно видливи места.
(3) Известувањето од став (1) од овој член може да се дополни со информации:
  1) наведени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник;
  2) соодветни на локалните услови и околности и со други прописи од областа на ветеринарното здравство.
(4) Известувањето од став (1) од овој член, треба да е напишано најмалку на македонски јазик и на втор јазик кој надлежниот орган го смета за соодветен и истиот може да биде јазик на земја сосед на Република Македонија или во случај на меѓународни аеродроми или пристаништа, јазик кој најчесто го користат патниците кои пристигнуваат на тие гранични премини.
(5) Пошироката јавност соодветно се информира за начинот на внес во Република Македонија на производи од животинско потекло кои се испраќаат на приватни лица или се нарачани од крајниот потрошувач.
(6) Операторите за превоз на патници во меѓународниот сообраќај, вклучително и операторите на меѓународните аеродроми, операторите на пристаништата, туристичките агенции и поштенските служби соодветно ги запознаваат патниците со одредбите од овој правилник преку известувања како што е наведено во Прилог 3 и Прилог 4 од овој правилник.
(7) Земјите наведени во член 4 од овој правилник, треба да бидат наведени како земји исклучоци во секој соодветен материјал за информирање на патниците и пошироката јавност.

**Член 8**
**Проверки**

(1) Надлежниот орган, во соработка со операторите на меѓународните аеродроми, операторите на пристаништата и операторите на другите граничните премини на влез во Република Македонија, спроведува физички проверки на личниот багаж на патниците.
(2) Проверките од ставот (1) од овој член се спроведуваат со цел откривање присуство на пратки со производи од животинско потекло и потврдување дека пратките се во согласност со одредбите од член 6 на овој правилник.
(3) Проверките од ставот (1) од овој член може да се спроведат врз основа на претходно извршена анализа на ризик.
(4) Доколку надлежниот орган процени дека е неопходно може да примени и дополнителни средства за откривање на пратки од ставот (1) на овој член, како што е преглед на личниот багаж на патниците со технички средства или кучиња за откривање.

**Член 9**
**Мерки**

Пратките со производи од животинско потекло кои се дел од личниот багаж на патниците и се наменети за лична употреба, за кои надлежниот орган ќе утврди дека не се во согласност со одредбите од овој правилник, се запленуваат и безбедно се уништуваат согласно член 87 од Законот за ветеринарно здравство.

**Член 10**
**Извештаи**

(1) Надлежниот орган, изготвува годишен извештај за спроведувањето на одредбите од овој правилник и за резултатите од нивното спроведување и го доставува до Управата за ветеринарство на Република Македонија, пополнет на македонски јазик.
(2) Формата и содржината на извештајот од став (1) од овој член е дадена во Прилог 5, Дел 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Управата за ветеринарство, изготвува годишен извештај за спроведувањето на одредбите од овој правилник и за резултатите од нивното спроведување и го доставува до Европската Комисија, пополнет на англиски јазик.
(4) Формата и содржината на извештајот од став (3) од овој член е дадена во Прилог 5, Дел 2 од овој правилник.
(5) Извештајот од став (1) и (3) од овој член треба да содржи податоци од 1 јануари до 31 декември за претходната година, а се доставува до 1 мај следната година.

**Член 11**
**Престанок на важење**

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на проверка и преглед на граничен премин на пратки од животинско потекло кои се внесени како личен багаж на патниците и се наменети за лична употреба или некомерцијални цели ("Службен весник на Република Македонија" број 36/08, 75/08 и 79/08).

**Член12**
**Одложна примена**

Одредбите од член 4, член 6 став (3), член 7 став (7) и член 10 став (3) од овој правилник, ќе се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

**Член 13**
**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-2396/3
21 јули 2009 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог 1**

**Листа на месо и производи од месо и млеко и производи од млеко кои се дел од личниот багаж на патниците и подлегнуваат на задолжителна проверка и преглед**

**Дел 1**
**Листа на производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе**

| Тарифна ознака | Наименување | Квалификација и појаснување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Ех Поглавје 2 0201-0210 | Месо и јастиви кланични отпадоци | Сите, освен 'жабји батаци' (CN код 0208 90 70) |
| 0401-0406 | Млечни производи | Сите |
| 0504 00 00 | Црева, бабулиња и желудници од животни (освен од риба), цели или во парчиња, свежи, разладени, замрзнати, солени во саламура, сушени или чадени | Сите, освен за црева за кобасици |
| 1501 00 | Свинска маст (вклучувајќи сало) и живинска маст, освен онаа од тарифни ознаки 0209 или 1503 | Сите |
| 1502 00 | Маснотии од животни од видовите говеда, овци или кози освен оние од тарифна ознака 1503 | Сите |
| 1503 00 | Стеарин од свинска маст, масло од свинска маст, олеостеарин, олео-масло и масла од лој, неемулгирани, немешани или на друг начин приготвени | Сите |
| 1506 00 00 | Други масти и масла од животинско потекло и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемски немодификувани | Сите |
| 1601 00 | Колбаси и слични производи од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранбени производи од овие производи | Сите |
| 1602 | Друго приготвено или конзервирано месо, од јастиви месни кланични производи или од крв | Сите |
| 1702 11 00 1702 19 00 | Лактоза и лактозен сируп | Сите |
| Ех 1901 | Екстракт на слад; прехранбени производи од брашно, јарма, гриз, скроб или екстракт од слад, без додаток на какао или со содржина помала од 40% по маса на какао пресметано на потполно одмастена основа, на друго место неспоменати ниту опфатени; прехранбени производи од стоки од тарифни ознаки 0401 до 0404, без додаток на какао или со содржина помала од 5% по маса на какао пресметана на потполно одмастена основа, на друго место неспомнати ниту опфатени | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 1902 | Теста, варени или неварени или полнети (со месо или со други супстанци) или поинаку приготвени, како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони; кус-кус, приготвен или неприготвен | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 1905 90 | Леб, пецива, колачи, бисквити и други пекарски производи, со или без какао; вафли за причестување; празни капсули погодни за фармацевтска примена, затворени вафли и слични производи | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 2004 | Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, замрзнат освен производите од тарифна ознака 2006 | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 2005 | Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тарифна ознака 2006 | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 2103 | Сосови и нивни подготовки; мешани мирудии и мешани мирудиски средства; брашно и гриз од синап и приготвен синап (сенф) | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 2104 | Супи и чорби и нивни подготовки; хомогенизирани сложени прехранбени производи | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 2105 00 | Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |
| Ех 2106 | Прехранбени производи на друго место неспомнати ниту опфатени | Само оние производи кои содржат млеко и/ или месо |

**Дел 2**
**Листа на производи од животинско потекло наменети за исхрана на домашни миленици**

| Тарифна ознака | Наименување | Квалификација и појаснување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 0511 | Производи од животинско потекло на друго место неспоменати ниту вклучени; мртви животни од Поглавје 1 или 3, непогодни за исхрана на луѓе | |
| Ex 2309 | Производи што се употребуваат за исхрана на животни | Само храна за исхрана на домашни миленици, коски за кучиња од пресувана кожа и мешавина од брашна кои содржат месо или млеко |

Забелешки:

Колона 1: во случаи кога само одделни пратки под одредена тарифна ознака подлежат на проверки и прегледи од страна на официјален ветеринар на граничен премин, а никаква специфична подподелба за истата тарифна ознака не постои, на тарифната ознака е додаден префиксот **Ex** (на пример Ex 1901: проверка и преглед само за производи кои содржат млеко).

Колона 2: наименуванието на стоките од колона 2 е согласно Законот за Царинската тарифа.

За попрецизна детерминација на тарифните ознаки се користи последната одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа објавена во "Службен весник на Република Македонија".

Колона 3: оваа колона дава детали за производите опфатени со овој правилник.

**Прилог 2**
***Листа на производи од животинско потекло кои се дел од личниот багаж на патниците и не подлегнуваат на задолжителна проверка и преглед***

**Дел 1**
**Пратки кои содржат производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе**

Млеко во прав за новороденчиња, храна за новороденчиња и посебна медицинска храна за исхрана на луѓе, доколку:
1) за овие производи не е потребен температурен режим на одржување пред отварање;
2) се правилно спакувани брендирани производи наменети за директна продажба на крајниот потрошувач и
3) пакувањето не е оштетено, освен ако не е е отворено за тековна употреба.

**Дел 2**
**Пратки кои содржат производи од животинско потекло наменети за исхрана на домашни миленици**

Посебна медицинска храна за исхрана на домашни миленици, доколку:
1) за овие производи не е потребен температурен режим на одржување пред отварање;
2) се правилно спакувани брендирани производи наменети за директна продажба на крајниот потрошувач и
3) пакувањето не е оштетено, освен ако не е е отворено за тековна употреба.

**Прилог 3**
**Постер известувања**

**Дел 1**

*Република Македонија*

Да ја заштитиме Република Македонија од заразни болести кај животните!

Производите од животинско потекло може да содржат патогени предизвикувачи на заразни болести кај животните!

При внесување производи од животинско потекло во Република Македонија се применуваат строги процедури и проверки!

Патниците задолжително да ги пријават производите од животинско потекло на граничен премин!

**Дел 2**

*Република Македонија*

Болестите не почитуваат граници!

Доколку со себе носите месо, млеко и нивни производи, ризикувате да внесете болести во Република Македонија!

Доколку не ги пријавите ваквите пратки, се соочувате со казна или криминално гонење!

Ваквите пратки се запленуваат и се уништуваат!

**Прилог 4**
**Известувања (летоци, брошури)**

*Република Македонија*

ДА ЈА ЗАШТИТИМЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ!

ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО МОЖЕ ДА СОДРЖАТ ПАТОГЕНИ ПРЕДИЗВИКУВАЧИ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ!

Поради ризикот патниците да внесат болести во Република Македонија, сите пратки месо, производи од месо, млеко и производи од млеко, наменети за лична употреба се забранети за внес во Република Македонија, со исклучок на:

**1. Мали количества на месо и млеко и нивни производи (освен млеко во прав за новороденчиња, храна за новороденчиња и посебна медицинска храна за исхрана на луѓе и посебна медицинска храна за исхрана на домашни миленици)**

Може да внесете или да испратите во личниот багаж, пратки со месо и млеко и нивни производи (освен млеко во прав за новороденчиња, храна за новороденчиња и посебна медицинска храна за исхрана на луѓе и посебна медицинска храна за исхрана на домашни миленици), под услов да доаѓаат од Хрватска, Фарски острови, Гренланд или Исланд, и нивната тежина да не надминува тежина поголема од 10 кг по лице;

**2. Млеко во прав за новороденчиња, храна за новороденчиња и посебна медицинска храна за исхрана на луѓе**

Може да внесете или да испратите во личниот багаж, пратки со млеко во прав за новороденчиња, храна за новороденчиња и посебна медицинска храна за исхрана на луѓе, под услов:

2.1 (*) Доколку доаѓаат од Хрватска, Фарски острови, Гренланд или Исланд, нивното комбинирано количество да не надминува тежина поголема од 10 кг по лице, и:
- за овие производи да не е потребен температурен режим на одржување пред отварање,
- да се правилно спакувани брендирани производи наменети за директна продажба на крајниот потрошувач, и
- пакувањето да не е оштетено, освен ако не е е отворено за тековна употреба.

2.2 Доколку доаѓаат од сите останати земји, нивното комбинирано количество да не надминува тежина поголема од 2 кг по лице, и:
- за овие производи да не е потребен температурен режим на одржување пред отварање,
- да се правилно спакувани брендирани производи наменети за директна продажба на крајниот потрошувач, и
- пакувањето да не е оштетено, освен ако не е е отворено за тековна употреба.

**3. Посебна медицинска храна за исхрана на домашни миленици**

Може да внесете или да испратите во личниот багаж, пратки со посебна медицинска храна за исхрана на домашни миленици, под услов:

3.1 (*) Доколку доаѓаат од Хрватска, Фарски острови, Гренланд или Исланд, нивното комбинирано количество да не надминува тежина поголема од 10 кг по лице, и:
- за овие производи да не е потребен температурен режим на одржување пред отварање,
- да се правилно спакувани брендирани производи наменети за директна продажба на крајниот потрошувач, и
- пакувањето да не е оштетено, освен ако не е е отворено за тековна употреба.

3.2 Доколку доаѓаат од сите останати земји, нивното комбинирано количество да не надминува тежина поголема од 2 кг по лице, и:
- за овие производи да не е потребен температурен режим на одржување пред отварање,
- да се правилно спакувани брендирани производи наменети за директна продажба на крајниот потрошувач, и
- пакувањето да не е оштетено, освен ако не е е отворено за тековна употреба.

**4. Мало количество производи од риба за лична употреба**

Може да внесете или да испратите во личниот багаж, пратки со производи од риба (свежа, сушена, варена, солено-сушена или пушена риба, и одделни видови школки, како шкампи, јастог, мртви дагњи и мртви остриги), под услов:
- внатрешните органи да се извадени од рибата,
- тежината на рибата или производите од риба да не надминуваат тежина поголема од 20 кг по лице.

(*) За производите од риба кои доаѓаат од Фарски острови или Исланд, не се применуваат ограничувањата од претходниот став.

**5. Мали количества други производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе**

Може да внесете или да испратите, други производи од животинско потекло како мед, живи остриги и полжави, под услов:

5.1 (*) Доколку доаѓаат од Хрватска, Фарски острови, Гренланд или Исланд, нивното комбинирано количество да не надминува тежина поголема од 10 кг по лице.

5.2 Доколку доаѓаат од сите останати земји, нивното комбинирано количество да не надминува тежина поголема од 2 кг по лице.

**6. Поголеми количества производи од животинско потекло**

Може да внесете или да испратите производи од животинско потекло, под услов да ги исполнуваат условите за комерцијални пратки и:

- да се пропратени со ветеринарно-здравствен сертификат и друга уредна документација за соодветниот вид производ,
- да се пријават на ветеринарно инспекциско место на граничен премин за проверка и преглед од страна на официјален ветеринар.

**7. Производи кои не подлежат на проверка и преглед**

Следниве преоизводи се исклучок од условите утврдени претходно:

- бисквити, леб, колачи, чоколада, кондиторски производи (вклучувајќи и слатки), кои не мешани или полнети со производи од месо,
- додатоци за храна спакувани за крајниот потрошувач,
- месни екстракти и месни концентрати,
- полнети маслинки со риба,
- теста и резанци кои не се мешани или полнети со производи од месо,
- готови супи и зачини спакувани за крајниот потрошувач,
- било кој друг производ за исхрана на луѓе кој не содржи свежо или преработено месо или млечни производи и со помалку од 50% од преработени јајца или производи од риба.

**8. Производи од заштитени животински видови**

За одделни животински видови може да се утврдат дополнителни ограничувања (пр. за кавијар од стругон, максимум количество кое може да се внесе е 125 гр. по лице)

**(*) По влезот на Република Македонија во Европската Унија.**

**Прилог 5**
**Извештаи**

**Дел 1**
**Извештај за пратки личен багаж со производи од животинско потекло кој се доставува до Управата за ветеринарство, пополнето на македонски јазик**

| **1. Општи податоци** | |
|---|---|
| Назив на Граничен премин | |
| Година за која се доставува извештајот | |

| **2. Механизми со кои се известувале патниците на граничните премини во Република Македонија за условите за внес на пратки личен багаж со производи од животинско потекло** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДА | Доколку е ДА, наведи | НЕ | Забелешки |
| Постери | | | | |
| Јавно соопштение | | | | |
| Интернет пропаганда | | | | |
| Дополнителна пропаганда | | | | |
| Друго (наведи) | | | | |

| **3. Мерки за откривање пратки со производи од животинско потекло во личен багаж** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.1 Назив на надлежен орган | | | | |
| 3.2 Механизми за утврдување на пратки личен багаж со месо и млеко | | | | |
| | ДА | Доколку е ДА, наведи | НЕ | Забелешки |
| Претрага по случен избор | | | | |
| Таргетирана претрага | | | | |
| Кучиња за откривање | | | | |
| Опрема за скенирање | | | | |
| Друго (наведи) | | | | |

3.3 Наведете ги земјите од кои патниците најчесто подлежеле на таргетирана претрага, впишете детали вклучувајќи го бројот на спроведени претраги и количеството и видот на нелегални пратки во личниот багаж кои се откриени (доколку имате податоци). Листата може да се прошири

| Земја | Број на спроведени претраги | Количество и вид на нелегални пратки во личниот багаж кои се откриени | Забелешки |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 Просечен вкупен број на нелегални пратки месо и млеко откриени во личниот багаж | | Забелешки: |
| 3.5 Просечно количество (во килограми) месо и производи од месо запленети и/или уништени од личниот багаж | | Забелешки: |
| 3.6 Просечно количество (во килограми) млеко и производи од млеко запленети и/или уништени од личниот багаж | | Забелешки: |

| 3.7 Наведете ги петте земји за кои било откриено дека патниците најчесто носеле нелегални пратки месо и производи од месо и млеко и производи од млеко | |
|---|---|
| Земја 1 | |
| Земја 2 | |
| Земја 3 | |
| Земја 4 | |
| Земја 5 | |
| Забелешки | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.8 Просечно количество (во килограми) други производи од животинско потекло (освен месо и производи од месо и млеко и производи од млеко) запленети и/или уништени од личниот багаж | | Забелешки: |

| **4. Мерки за откривање производи од животинско потекло во мали пратки испратени на физички лица или нарачани преку електронска пошта, телефон или интернет и испорачани до потрошувачот** |
|---|

| 4.1 Назив на надлежен орган | |
|---|---|

4.2 Механизми за утврдување на нелегални пратки со месо и млеко

| | ДА | Доколку е ДА, наведи | НЕ | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| Претрага по случен избор | | | | |
| Таргетирана претрага | | | | |
| Кучиња за откривање | | | | |
| Опрема за скенирање | | | | |
| Друго (наведи) | | | | |

4.3 Наведете ги земјите од кои патниците најчесто подлежеле на таргетирана претрага, впишете детали вклучувајќи го бројот на спроведени претраги и количеството и видот на нелегални пратки во кои се откриени (доколку имате податоци). Листата може да се прошири

| Земја | Број на спроведени претраги |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.4 Просечен вкупен број на нелегални пратки месо и млеко откриени | | Забелешки: |
| 4.5 Просечно количество (во килограми) месо и производи од месо запленети и/или уништени | | Забелешки: |
| 4.6 Просечно количество (во килограми) млеко и производи од млеко запленети и/или уништени | | Забелешки: |

4.7 Наведете ги петте земји за кои било откриено дека патниците најчесто носеле нелегални пратки месо и производи од месо и млеко и производи од млеко

| | |
|---|---|
| Земја 1 | |
| Земја 2 | |
| Земја 3 | |
| Земја 4 | |
| Земја 5 | |
| Забелешки | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.8 Просечно количество (во килограми) други производи од животинско потекло (освен месо и производи од месо и млеко и производи од млеко) запленети и/или уништени | | Забелешки: |

5. Општи забелешки

**Дел 2**

**Извештај за пратки личен багаж со производи од животинско потекло кој се доставува до Европската Комисија, пополнето на англиски јазик**

| **1. General information** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Name of Member State | | | | |
| Reporting year | | | | |
| Number of European Community entry points | | | | |
| **2. Mechanisms used to raise awareness of animal health conditions regarding the introduction of personal consignments of animal origin during the reporting year** | | | | |
| | YES | If yes, specify frequency | NO | Comments |
| Posters | | | | |
| Public announcements | | | | |
| Internet advertising | | | | |
| Additional advertising | | | | |
| Other (specify) | | | | |
| **3. Enforcements of these rules at points of entry into the Community** | | | | |
| 3.2 Name of enforcement authority/ies | | | | |
| 3.2 Mechanisms used to identify illegal meat and milk in personal consignments during the reporting year | | | | |
| | YES | If yes, specify frequency | NO | Comments |
| Randomized search | | | | |
| Targeted searches | | | | |
| 'Sniffer' dogs | | | | |
| Scanning equipment | | | | |
| Other (specify) | | | | |

3.3 If applicable, please list the third countries from which passengers have most regularly been subject to targeted searches and give details including the number of searches carried out and the quantity and type of illegal personal consignments found (the list may be expanded)

| Third country | Number of searches carried out | Quantity and type of illegal consignments found | Comments |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 Approximate total number of illegal consignments of meat and milk found in personal luggage at Community entry points during the reporting period | | Comments: |
| 3.5 Approximate amount (in kg) of meat and meat products confiscated and/or destroyed from personal baggage as a result of checks implemented at Community entry points during the reporting period | | Comments: |
| 3.6 Approximate amount (in kg) of milk and milk products confiscated and/or destroyed from personal baggage as a result of checks implemented at Community entry points during the reporting period | | Comments: |

3.7 Please list the five countries from which the passengers were most regularly found to be carrying illegal meat and meat products and milk and milk products consignments during the reporting period

| | |
|---|---|
| Country 1 | |
| Country 2 | |
| Country 3 | |
| Country 4 | |
| Country 5 | |
| Comments | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.8 Approximate amount (in kg) of other products of animal origin (other than meat and meat products and milk and milk products) confiscated and/or destroyed from personal baggage as a result of checks implemented at Community entry points during the | | Comments: |

| reporting period | | |
|---|---|---|

**4. Enforcements of these rules on small consignments sent to private persons or ordered remotely (for example, by mail, by telephone or via Internet) and delivered to the consumer**

| 4.1 Name of enforcement authority/ies | |
|---|---|

4.2 Mechanisms used to identify illegal meat and milk in personal consignments during the reporting year

| | YES | If yes, specify frequency | NO | Comments |
|---|---|---|---|---|
| Randomized search | | | | |
| Targeted searches | | | | |
| 'Sniffer' dogs | | | | |
| Scanning equipment | | | | |
| Other (specify) | | | | |

4.3 If applicable, please list the third countries from which passengers have most regularly been subject to targeted searches and give details including the number of searches carried out and the quantity and type of illegal personal consignments found (the list may be expanded)

| Country | Number of searches carried out |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.4 Approximate total number of illegal consignments of meat and milk found in personal luggage at Community entry points during the reporting period | | Comments: |
| 4.5 Approximate amount (in kg) of meat and meat products confiscated and/or destroyed from personal baggage as a result of checks implemented at Community entry points during the reporting period | | Comments: |
| 4.6 Approximate amount (in kg) of milk and milk products confiscated and/or destroyed from personal baggage as a result of checks implemented at Community entry points during the reporting period | | Comments: |

4.7 Please list the five countries from which the passengers were most regularly found to be carrying illegal meat and meat products and milk and milk products consignments during the reporting period

| | |
|---|---|
| Country 1 | |
| Country 2 | |
| Country 3 | |
| Country 4 | |
| Country 5 | |
| Comments | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.8 Approximate amount (in kg) of other products of animal origin (other than meat and meat products and milk and milk products) confiscated and/or destroyed from personal baggage as a result of checks implemented at Community entry points during the reporting period | | Comments: |

5. General comments